**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-4265/2**

# З А П И С Н И К

**Од 92-ра седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 31.07.2019 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.Претседател на Програмскиот совет,м-р Јагнула Куновска,Снежана Клинчарова,Селпин Керим,м-р Ристе Панов,Косана Николиќ Мазнева, Ивана Трајковска, Гајур Рамадани и Златко Јанковски. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека,Илир Рамадани и Анита Латифи. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација во МРТ,Марјан Цветкоски-Директор на МРТ,Арун Ибраими-заменик на директорот на МРТ,Дарко Стефановски-Претседател на Надзорен одбор на МРТ и Слаѓана Миливојевиќ-Претседател на Синдикатот на МРТ. |

Седницата започна во 13:45 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот Совет на МРТ едногласно го усвои дневниот ред:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

**1.**Разгледување и усвојување на Записникот од 91-ва седница на Програмскиот совет на МРТ.

**2.**Разгледување,усвојување и потпишување на нов Колективен договор помеѓу ЈРП МРТ и репрезентативниот Синдикат при ЈРП МРТ.

**3.**Разно.

ТОЧКА 1:**Разгледување и усвојување на Записникот од 91-ва седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 91-ва седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата запиникот од 91-ва седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет едногласно **го усвои** запсиникот од 91-ва седница на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА2:**Разгледување,усвојување и потпишување на нов Колективен договор помеѓу ЈРП МРТ и репрезентативниот Синдикат при ЈРП МРТ.**
Воведен збор по оваа точка доби претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски кој пред присутните објасни дека Надзорниот одбор на МРТ предходно на своја седница одржа расправа по истата точка, на која беше разгледан Колективниот договор и по расправата согласно надлежностите на Надзорниот одбор беше донесено мислење.Мислењето од Надзорниот одбор беше доставено на самата седница и до членовите на Програмскиот совет,а претседателот на Надзорниот одбор во продолжение од седница и го прочита истото,со обајснување дека еден член на Надзорниот одбор Бојан Петровски дал и свој коментар по однос на мислењето:

**М И С Л Е Њ Е**

1. Колективниот договор е акт со кој се уредуваат правата, обврските и одговорностите од работен однос помеѓу вработените и ЈРП МРТ.

2. Предложениот текст на Колективен договор соодветно ги опфаќа сите аспекти од областа која ја уредува истиот.

3. Надзорниот одбор на ЈРП МРТ цени дека се соодветни аспектите на Колективниот договор со кој се унапредуваат правата на вработените во ЈРП МРТ, во делот кој предвидува:

   - Уредување на работните односи во случај на откажување на Договорот за вработување од деловни причини, согласно кои МРТ е должна на работникотда му исплати испратнина врз основа на работниот стаж во МРТ,
   - Предвидено диспозитивно право Репрезентативниот Синдикат и МРТ да можат да се договорат за дополнителни стимулативни мерки во случај на колективни отпуштања од деловни причини,
   - Определување на надомест кој што ќе се исплаќа за време на службено патување во земјата,
   - Предвидена исплата на еднократна помош на семејството во случај на смрт на вработен,
   - Предвидена исплата на помош на вработен во случај на смрт на член на потесното семејство,
   - Предвидено право за јубилејна награда на вработен за 10,20,30,40 години работа кај работодавачот,
   - Предвидена исплата на опремнина на вработен кога истиот оди во пензија,
   - Предвидени трошоци за пригоден подарок за вработен кога истиот оди во пензија.

4. Во делот на предвиденото линеарно зголемување на плати на вработените во ЈРП МРТ, Надзорниот одбор смета дека предложеното решение и фискалните импликации од истото, не претставуваат нај соодветен баланс помеѓу потребата за решавање на ова прашање и останатите финансиски потреби на ЈРП МРТ. Надзорниот одбор на ЈРП МРТ смета дека евентуални алтернативни решенија, како процентуално зголемување и слично, кое би подразбирало помали фискални зафаќања за компанијата, би можело да биде по соодветна и по избалансирана форма на решавање на ова прашање.

Примерок од Мислењето да се достави до:
- Директорот на МРТ;
- Сектор за правни работи и човечки ресурси;
- Програмски совет на МРТ;
- Синдикат на МРТ;
- Внатрешна ревизија;
- Архивата на МРТ

НАДЗОРЕН ОДБОР НА ЈРП МРТ
м-р Дарко Стефановски

По излагањето на претседателот на Надзорниот одбор и разгледувањето на мислењето од Надзониот одбор на МРТ продолжи расправата со членовите од Програмскиот совет на МРТ.
Членот на советот Јагнула Куновска со збор по однос на мислењето од Надзорниот одбор истакна дека како правник и адвокат со огромно искуство досега не се има сретнато со документ/мислење а со ваква содржина.Мислењето како акт по својата содржина треба да содржи тврдење а не вакви нагаѓања како што сте формулирале вие се со цел да биде народски кажано „округло па на ќоше“ и да не се знае која е поентата,вие како тело треба да претставувате орган кој носи одлуки а не да бегате од секаква одговорност заврши Куновска.
Претседателката на советот со прашање до Дарко Стефановски дали Надзорниот одбор смета дека МРТ нема финансии да го поднесе ваквото зголемување на платите на вработените во МРТ.Дарко Стефановски одговори дека како Надзорен одбор сметавме дека треба да се зголемат платите но дека ваквото зголемување ќе биде преголем товар за куќата и дека средствата треба да се искористат и за други намени како што се на пример нова техника или купување нанова програма.Претседателката на советот повторно реплицираше дека линеарното зголемување на платата на вработените е сепак прашање на менаџментот на куќата, а по однос на тоа на што се наменуваат средствата во Програмскиот освет преовладува фактотот дека во едно претпријатие како што е МРТ најголем ресурс е човекот односно вработените а не техниката и токму затоа тука треба да се насочат сите процеси за стмулирање на човечкиот фактор а најдобар пример за тоа е зголемувањето на платата на вработените.
Членот на Програмскиот совет Ведат Мемедалија по однос на мислењето на Надзорниот одбор од сопственото искуство како долгогодишен новинар со став дека истото е недифинирано и неизразува никаков став,како и тоа дека многу наликува на политичките памфлети кои секојдневно сме навикнати да ги гледаме во нашата држава, во продолжение на своето излагање Ведат истакна дека за нас како тело важен аргумент треба да биде фактот што менаџментот достави информација дека има финансиски средства за да се оставри зголемувањето и истото нема да предизвика никакви финансиски инпликации врз работењето на МРТ.
Косана Николиќ Мазнева истакна дека е многу разочарана од мислењето на Надзорниот одбор на МРТ кое го добивме и разгледавме на седницава од кое се гледа дека Надзорниот одбор сака да си тргне и најмала одговорност од себе како и за се до сега по што одлучувале,кога се нафаќате на јавна функција треба да имате претстава дека треаб да носите одлуки а не вакви чудни мисленја кои не укажуваат на ништо.Во продолжение Косана дополни дека Колективниот договор е добар и е во насока на подобрување на правата на работникот и истиот треба да се подржи од членовите на Програмскиот совет.
Директорот на МРТ посочи дека кога беше усвоен Финансискиот план за 2019 г. на МРТ од страна на Надзорниот одбор на МРТ и Програмскиот совет на МРТ беа усвоени 400.000.000,00 денари за плати и во тој проектиран буџет има доволно средства за зголемување на платите на вработените и не трошиме ниту еден денар повеќе од она што сме го утврдиле и изгласале.
Горан Атанасов директор на заеднички функции и администрација во МРТ го дополни тврдењето на Директорот на МРТ дека сите средства се предвидени и обезбедени со исклучок на две ставки а тоа се таа за популарниот К-15,како и таа за парична помош за смрт на член од семејство кои се планира да се обезбедат со пренамена на финансискиот план во иднина.
Снежана Клинчарова од Програмскиот совет посочи дека присуствувала на седницата на Надзорниот одбро на МРТ на која се расправало по Колективниот договор со надеж дека и Програмскиот совет и Надзорниот одбор на МРТ како орагни ќе преземат одговорност и ќе направат еден исчекор за зголемување на платите на вработените бидејќи платите на вработените во МРТ се мизерни.Но со ова покачување ќе се подобри и целокупниот имиџ на МРТ што ќе значи враќање на некогашната престижност на куќата,во која ќе биде чест и достоинство да се работи и твори.

Клинчарова во продложение истакна дека е разочарана од целокупната расправа која се водела на седницата на Надзорниот одбор како и од мислењето кое го донеле на самата седница,а што се однесува пак околу дилемите за можни законски недоследности треба тој ризик да го преземеме како совет ние и да се повикаме на Европските закони и на независноста на јавниот сервис.
Во продложение на расправата за збор се јави членот Ристе Панов кој смета дека како јавно добро за сите вработени во МРТ треба да го донесеме овој Коелктивен договор но ги напомена и законските прашања кои произлегуваат од носењето на еден ваков документ односно дали како тело требаше да побара согласност за коефициентите на сложеност на работните места и вредноста на бодот кои се изразени внатре во Колективниот договор од основачот на МРТ, доколку како основач би се сметал Собранието на РМ или друг државен орган,секако оваа постапка напомена Ристе е според Законот за јавни претпријатија и не се однесува и применува на ЈРП МРТ, а ЈРП МРТ постапува согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кој е „lex specialis“, како и согласно Европските закони и пракси.
Претседателката на Синдикатот на МРТ Слаѓана Миливојевиќ му реплицираше на ова излагање на Ристе дека сите потребни коефициенти за платата се инплментирани во самиот Колективен договор и не треба никаква согласност од Собранието на РМ на некој друг предходен акт во предходна процедура.
Членот Ведат Мемедалија исто така по ова излагање на Ристе истакна дека е доволен самиот Колективен договор и дека со неговото носење од страна на највисокиот орган на управување Програмскиот совет на МРТ се задоволуваат сите законски процедури и прописи и нема потреба од барање на дополнителни согласности кои произлегуваат од други Закони.

По расправата Претседателката на Програмскиот совет го стави на гласање Колективниот договор на МРТ.

■ **Колективниот договор на МРТ** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **9** членови,
- ПРОТИВ гласаше:**1** член,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Колективниот договор на МРТ е **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 3:Разно.**
По оваа точка од дневниот ред не се одржа расправа.

Седницата заврши во 15:30 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател